**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Број 08-1360/1**
**Од 06.07.2023 година**
**Скопје**

**До**
**Членовите на советот на**
**Општина Ѓорче Петров**

Врз основа на член 39 и 48 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 3/19 и 5/21) и член 39 од Деловникот за работа на советот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 12/06), се донесува:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за свикување на Триесетипрвата седница на советот на Општина Ѓорче Петров

Ја свикувам **Триесетипрвата** седница на советот на Општина Ѓорче Петров.

Седницата ќе се одржи на ден **13.07.2023 година (четврток)**, со почеток во **11:00 часот**, во Салата за состаноци во Општина Ѓорче Петров.

За седницата го предлагам следниот:

### Д н е в е н р е д:

1. Предлог Одлука за давање согласност на Планот за измена и дополнување на Годишниот план за вработување во Општина Ѓорче Петров за 2023 година;

2. Предлог Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 14.3 и ГП 14.8 од ДУП Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров, Скопје;

3. Предлог Одлука за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, Општина Ѓорче Петров, Скопје;

4. Предлог Одлука за измени и дополнување на програма Комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2023 година;

5. Предлог Одлука за измени и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф" на Општина Ѓорче Петров за 2023 година;

6. Предлог Одлука за изменување и дополнување на Програмата за одржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2023 година;

7. Предлог Одлука за изменување и дополнување на Програма за социјална, детска и здравствена заштита на Општина Ѓорче Петров за 2023 година;

8. Предлог Одлука за изменување и дополнување на Програмата за јавни работи на Општина Ѓорче Петров за 2023 година;

9. Предлог Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година (ребаланс);

10. Предлог Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023.

Ве молиме за присуство на седницата, а во случај на спреченост известете на тел. 2039-307 или 2044-411, Одделение за Нормативa.

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**